09-1491/8
19-09-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 09-1491/1 од 13.05.2025 година против лицето ---------------------, член на Управниот одбор на ЈП -------------- и член на Надзорниот одбор на ЈП ----------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси да се достави известување до Советот на општина ---------- и до --------- на Република Северна Македонија за утврдената повреда на одредбите од овој закон од страна на службеното лице ------------------.

Предметот заведен под број 09-1491/1 од 13.05.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-1491/1 од 13.05.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно со член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, по извршена проверка во административната алкатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси е констатирано дека лицето ------------------ извршува две функции и тоа: член на Управниот одбор на ЈП ---------------- и член на Надзорниот одбор на ЈП -----------------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи предвид дека истовременото вршење на двете наведени функции е во спротивност со член 44 став 4 од ЗСКСИ и претставува прекршок казник по член 105 став 1 алинеја 1 од иститот закон, ДКСК согласно со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок 09-1491/5 од 06.06.2025 година и на лицето -------------------- беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр.09-1491/6 од 16.06.2025 година. ДКСК до именуваната достави и Известување со кое и укажа дека констатираната состојба може да ја надмине единствено доколку се откаже од извршување на една од двете функции член на Надзорниот одбор за материјално – финансиско работење на ЈП ---------------- или член на Управниот одбор на ЈП ----------------- и дека е потребно до ДКСК да достави соодветен дока,з во рок од 15 дена по приемот на дописот.

Службеното лице -------------- во законски определениот рок до ДКСК достави доказ за платена глоба по издадениот прекршочен платен налог, меѓутоа не достави доказ за откажување од една од двете погоре споменати неспојливи функции.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси поради утврдена повреда на одредбите од овој закон од страна на наведеното лице, ДКСК ќе го извести Советот на општина ----------------, како надлежен орган за именување на лицето ------------------ на функцијата член на Надзорниот одбор за материјално – финансиско работење на ЈП ---------------, како и до --------------- на Република Северна Македонија како орган надлежен за именување на лицето на функцијата член на Управниот одбор на ЈП ------------------.

Согласно со член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежните органи се должни писмено да ја известат ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.С.М. - член на ДКСК